## СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДОБИ ПЛАКЕТА ОД СОЈУЗОТ НА БОРЦИТЕ ОД НОАВ НА МАКЕДОНИЈА



Сојузот на борците од Народноослободителната и антифашистичка војна во Македонија, по повод 60 години од востанието на македонскиот народ против фашистичките завојувачи, му го додели своето највисоко признание на Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија – ПЛАКЕТА за посебен придонес во афирмацијата на Народноослободителната и антифашистичка војна и на нејзиното историско значење.